**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на стечајни управници и ликвидатори

УС-опо-сте
18-8-мк

## член 1: воведни одредби

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на стечајни управници и ликвидатори се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие Посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

## член 2: осигурени опасности

[1] Со осигурувањето е покриена одговорноста на осигуреникот за штети настанати поради стручни грешки на стечајниот управник или ликвидаторот за кои одговора во согласност со позитивните законски прописи.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чиста имотна штета која против осигуреникот ја побарува трето лице.

## член 3: неосигурени опасности

[1] Покрај исклучувањата кои се предвидени со Општите услови за осигурување од професионална одговорност, осигурувачот не ги покрива оштетните побарувања за штета:

1) која настанала со намерно кршење на законите и другите подзаконски прописи, статутарни акти, интерни прописи и упатства, како и деловни и други договорни односи;
2) која е резултат на штета што ја предизвикуваат осигурените лица со цел да стекнат незаконска имотна корист за или од трговското друштво;
3) поради загуба во врска со распределба на добивката и други бонуси или погодности на вработените кај осигуреникот;
4) поради кршење на правилата за работа врз основа на злоупотреба на внатрешни информации;
5) што произлегува од професионалната активност на осигуреникот, но не е поврзана со управувањето во процесот на стечај или ликвидација;
6) на осигуреникот или поврзаната компанија, ако штетата претрпена од страна на осигуреникот или поврзаната компанија резултира со материјална добивка на друга сродна компанија, до висината на приносите;
7) која е резултат на кршење на правата на трети лица (на пример, кршење на патентни и авторски права, права на индустриска сопственост, права на тајност и приватност, кршење на права во подрачјето на конкуренцијата и огласувањето и сл.);
8) поради несклучување на осигурување или неквалитетно склучено осигурување;
9) која е резултат од политички или економски мерки на Владата на Република Македонија или на владите на други држави, врз кои осигуреникот нема влијание и кои не можеле да се предвидат;
10) која е поврзана со еколошка катастрофа или загадување на животната средина.

## член 4: обврски на осигурувачот

[1] Ако не е поинаку одредено, осигурувачот ги исплаќа заедничките штети од сите осигурени случаи во една година кои изнесуваат најмногу двојно од договорената осигурена сума.

[2] Во случај на исплата на двојната осигурена сума, осигурителното покритие може да продолжи само ако тоа е посебно договорено. Во тој случај премијата се одредува посебно.

## член 5: право на регрес

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за неа на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.